**ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ВРСКА СО УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВЕНИ НА ОФИЦИЈАЛНАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР ЛАЈФ – ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП.**

Ова известување е изработено согласно член 17 и член 18 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ Бр.42/2020, бр.294/2021 и бр. 101/25). Предметните членови од Законот за заштита на личните податоци се однесуваат на информации коишто се доставуваат при собирање на лични податоци од Субјектот на личните податоци, и информации кои што се доставуваат кога личните податоци не се добиени од субјектот на личните податоци.

Ова Известување е наменето за договорувачите на осигурување, осигурениците, корисниците на осигурување, оштетени лица, нивните законски застапници и/или полномошници, кои имаат склучено договор за осигурување или имаат намера да склучат договор за осигурување со Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје.

## 1. Идентитет и контакт на податоци на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци:

- **Контролор**: Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, седиште во Скопје на ул. 11 Октомври Бр.25, кат 8ми, e-mail: life@winnerlife.mk,
- **Офицер за заштита на личните податоци**: zoran.zdravkovski@winnerlife.mk. Дополнителни податоци за офицерот за заштита на личните податоци може да најдете на официјалната интернет страницата на Контролорот www.winnerlife.mk.

## 2. Обработка и заштита на личните податоци

Контролорот врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на договорувачи на осигурување, осигуреници, корисници на осигурување, оштетени лица, нивните законски застапници и/или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и другите релеванти позитивни прописи, применувајќи соодветни мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Контролорот, а Контролорот истите ги користи согласно основните начела за обработка на лични податоци дефинирани во Законот за заштита на личните податоци.

## 3. Правен основ за обработката на личните податоци

Контролорот обработува лични податоци заради исполнување на обврската за воспоставување и одржување на бази на податоци во Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија. Покрај претходното, како правен основ за обработка на лични податоци се разгледуваат Законот за облигационите, Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија.

Личните податоци се неопходни за обработка од страна Контролорот со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од договорот за осигурување, односно обработката на истите претставува основа за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

## 4. Цели за обработката на личните податоци

Податоците за контакт кои се категоризираат како лични податоци, Контролорот ги собира и обработува со цел остварување на контакт и ефикасно остварување на права и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување (полиси). Овие лични податоци мое да се користат и за цели на директен маркетинг само доколку субјектот има дадено соодветна согласност за истото. Заради склучување на договори за осигурување (полиси) и воспоставување и одржување на бази на податоци за осигуреници, Контролорот собира и обработува лични податоци кои се неопходно потребни за склучување на догворот за осигурување. Со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, оценување на осигурително покритие и степен на оштета Контролорот обработува и лични податоци кои се неопходно потребни за надомест на штета.

Контролорот ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци (во случај кога не постои законски основ или друга легитмна цел за обработка), а недавањето на согласност за обработка на овие податоци кога истата е потребна може да има за последица несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање. Доколку личните податоци се обработуваат по претходна согласност на субјектот на личните податоци, согласноста за обработка може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност до Контролорот по пошта на следната адреса: ул. 11 Октомври бр.25, кат 8, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса zoran.zdravkovski@winnerlife.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Контролорот ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици наведени како претходно.

## 5. Давањето на лични податоци како законска и договорна обврска

Давањето на личните податоци на Контролорот се разгледува како законска и договорна обврска, при што како законска обврска се нотира Законот за супервизија на осигурување и Законот за облигационите односи, а како договорна обврска се нотираат договорите за осигурување (полиси) кои се склучуваат со Контролорот.

## 6. Рокови на чување на лични податоци

Контролорот ги чува личните податоци во рок за цело времетраење на договорниот однос, односно најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета. По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Контролорот и истите нема да се обработуваат за други цели.

## 7. Дали постои обврска за давање на лични податоци и кои се евентуалните последици доколку не се дадат личните податоци

Давањето на бараните лични податоци претставува законска и договорна обврска, која е неопходен предуслов за воспоставување на договорен однос со нашето Друштво. Личните податоци се потребни заради склучување, извршување на договорот за осигурување, како и за обработка на барањата за надомест на штета. Доколку личните податоци не се дадат, постои ризик од неможност за склучување на договорот за осигурување на живот, спроведување на предметниот договор ниту пак обработка на барањата за надомест на штета. Во случаите одредени со посебни прописи, одбивањето на давање на потребните лични податоци може да има последици со Вас да не смееме да склучиме договор за осигурување.

## 8. Права на субјектите на личните податоци

Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: zoran.zdravkovski@winnerlife.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци.

Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци, од страна на Контролот, не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

## 9. Пренос на личните податоци

Контролорот може да изврши пренос на лични податоци во земји членки на Европската Унија, земји членки на Европскиот економски простор и трети земји. За вршење на преносот на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простори се известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а преносот на лични податоци во трети земји се врши по претходно добиено одобрение од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: ул. 11 Октомври бр.25, кат со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса zoran.zdravkovski@winnerlife.mk.

## 10. Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци за цели на директен маркетинг, Контролорот ги обработува само врз основа на експлицитна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг за своите услуги.

Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: zoran.zdravkovski@winnerlife.mk, или по пошта до Контролорот на адреса ул. 11 Октомври бр.25, кат 8, 1000 Скопје).

## 11. Корисници на лични податоци

Контролорот може да ги даде личните податоци кои се користат на корисници на лични податоци, доколку корисниците на лични податоци имаат законски оправдана причина за обработка на тие лични податоци. За да добијат лични податоци од страна на Контролорот, корисниците на лични податоци се должни да доставaт писмено барање до Контролорот во кое ќе нотираат и образложат по кој основ ги побаруваат податоците и која е целта за обработка на личните податоци од нивна страна.

## 12. Автоматизиран процес на одлучување и профилирање.

Контролорот не користи автоматизирани процеси на одлучување и не користи профилирање.
Сите прашања поврзани со ова Известување може да се достават до офицерот за заштита на лични податоци на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп како Контролор на лични податоци.

Со почит,

**Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп**